**З А П И С Н И К**
***од 14-та седница на Совет на Општи на Демир Хисар***
***одржана на 27.09.2022 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во Домот на култура „Илинден“, Демир Хисар со почеток во 10. 00 часот. На почетокот на седницата присуствуваа 10 (десет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Филип Ангелевски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторoски. Советничката Ивана Кочовска имаше поднесено оставка и не присуствуваше на седницата. Присутна беше Даниела Давидевска нареден советник од листата на коалицијата „Најдоброто за мојата општина“ предводена од СДСМ. На седницата беше присутен претставник од општинска администрација Марина Поповска, Игор Дамјановски. На седницата присутни беа директорката на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар Јасмина Дамчевска и директорката на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар Андријана Цветковска, како и преставници од Мвр-Илија Јовановски и Зоран Милевски.На седницата беше присутен преставник МО-Зашле Драган Јанкуловски. Записник водеше Катерина Бошевска.

-Усвојување на записник од 13-та седница на Совет на општина Демир Хисар
Претседателот на Советот Љупчо Најдовски го предложи усвојувањето на записникот од 13-та седница .За усвојување гласаа 10 „за“

Советникот Сашо Михајловски и советничката Марина Димитријовска предложија Дневниот ред да се дополни со две точки во дневниот ред и тоа после втората точка за разрешување на советник, да се додадат точка 3 и точка 4 за Решение за верификација на комисија и верификација –избор на нов советник. Предлогот беше ставен на гласање .За предлогот гласаа 10 „за“, против и воздржани немаше.

На седницата се расправаше по следниот дневен ред

ДНЕВЕН РЕД

1.Информација за состојбата со сообраќајот на локалните патишта и улици на подрачјето на општина Демир Хисар.
2. Разгледување на оставка од член на Совет на Ивана Кочовска, и донесување на Решение за престанок на на мандатот на член на Совет на општина Демир Хисар.
3.Донесување на Решение за избор на Верификациона комисија.
4.Решение за верификација на мандат на советник член на Совет на општина Демир Хисар.
5.Донесување на Одлука за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висина на штета настаната од природна непогода-град.
6. Донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина демир Хисар за 2022 година.
7.Усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2021/2022 година.
8. Усвојување на Програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.
9.Давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.
10.Усвојување на Годишен Извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за период 2021/2022 година.
11.Усвојуавње на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за период 2022/2023 година.

12. Донесување на Одлука за давање согласност на одлуката за зголемен односно намален број на деца во ЈОУД Детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар за 2022/2023 година.

13.Усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 30.06.2022 година.

14. Донесување Одлука за давање согласност на Одлуката за корекција на цената за комунална услуга собирање на куќен и дворен смет.

15.Донесување на Одлука за укинување на Одлука за утврдување на паричен надомест за склучување на брак во Општина Демир Хисар во 2022 година

16. Иницијатива за укинување на надомест за остварување на правото на еднократна парична помош.

17.Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори четиринаесетата седница на Совет, и предложениот Дневен ред го стави на расправа. По Дневниот ред немаше дискусија. За усвојување на предложениот Дневен ред со дополнувањето гласаа 10 „за“.

***Точка 1-Информација за состојбата со сообраќајот на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Демир Хисар***

Во врска со информација за состојбата со сообраќајот на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Демир Хисар објаснување имаше в.д Командир на ПО за БПС Илија Јовановски и зам.Командир на ПС-ОН Зоран Милевски.

В.д Командирот на ПО за БПС Илија Јовановски ги посочи потребите за локалните патишта , односно како барање до советот да се постават знаци за пешаки премини ,барање за паркинг на улица 1ви-Мај .Ги посочи забелешките :За мостот во с.Смилево кој не е во добра состојба и побара ставање на знак за Смилево и манастирот св.Павле.За локален Пат –с.Стругово на раскрсницата кај Загориче укажа дека треба да има огледало поради непрегледност и намалување на ризик од собраќајни незгоди. Локален -пат-с.Суводол-Активностите на ЈКП Комуналец 7-8 месеци не се извршени санации на дупките на патот,пред училиштетот нема знак за училиште .Локален пат с.Вардино-кај црквата да има знак десно за с.Суводол ,лево за Вардино исто знак кај манастириот Св.Тома.За локален пат с.Слепче: На раскрсницата кај продавницата Типсо да има успорувач за брзина.Во с.Сопотница нема знак за училиште и пред училиште нема успорувач за брзина.Во селата Вирово , Базерник ,Слоештива да се преправат мостовите и да се постават цевки за патот кај Боишта.

В.Д Командирот Илија Јовановски даде информации за причините за собраќајните незгоди на територија на општина Демир Хисар ,најголеми се брзо возење и возење под дејство на алхохол.Според извештаите од 2017-2022 година бројките на собраќајни незгоди се во пораст.Посочи дека се преземаат неселективни мерки ,заради безбедност.

Советникот Сашо Михајловски посочи дека сеуште не функционира локалниот совет за безбедност, преку овој локален совет да се носат предлози.

Се дискутираше за носење на деталең урбанистички план После завршената дискусија Заклучокот и информацијата се стави на гласање .За усвојување гласаа 10 „за“ .

***Точка 2. Разгледување на оставка од член на Совет на Ивана Кочовска, и донесување на Решение за престанок на на мандатот на член на Совет на Општина Демир Хисар.***

По отворена расправа по точка 2 од дневнио ред немаше пријавено за збор беше ставена на гласање од вкупно присутни 10 советници на Советот на општина Демир Хисар Оставката беше прифатена со 10 гласа „за“, против и воздржани немаше.

Откако беше прифатена оставката на Ивана Кочовска претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи пауза 30 минути да се да се извести ОИК и да се добие предлог за нареден советник од листата на коалицијата „Најдоброто за мојата општина“ предводена од СДСМ.

После паузата Советот продолжи со работа по наредна точка од Дневниот ред.

***Точка 3 . Решение за избор на Верификациона комисија***

За членови на Верификационата комисија беа предложени Сашо Михајловски, Аце Јанкуловски и Александра Трајковска. Забелешки немаше од присутни 10 советници на предлогот беше усвоен со 10 гласа „за“, против и воздржани немаше.
По изборот на Верификационата комисија претседателот на Советот предложи пауза за Верификационата комисија да се повлече да се изготви извештај за верификација на мандат на нареден советник Даниела Давидевска.

***Точка 4. Решение за верификација на мандат на советник член на Совет на општина Демир Хисар*.**

Претседателот на Верификационата комисија Сашо Михајловски поднесе извештај за верификација на мандат на нареден кандидат за член на Совет Даниела Давидевска од листата на коалицијата „Најдоброто за мојата општина“ предводена од СДСМ согласно извесување од ОИК бр.11-154/8 од 27.09.2022 година Едногласно од присутни 10 советници на општина Демир Хисар се прифати верикицацијата на мандатот на Даниела Давидевска. Советничката Даниела Давидевска ја прочита и потпиша свечената изјава.

***Точка 5. Одлука за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висина на штета настаната од природна непогода-град***

За Елаборатот за процена и утврдување на висина на штета настаната од природна непогода град објаснување имаше преставникот од општинската администрација, раководителот на одделение за човечки ресурси Игор Дамјаноски. Објасни дека елаборатот се изработил по нова методологија , по донесените барања од граѓаните укажа дека 20 имаат комплетни документи, а 3 лица не доставиле комплетна документаицја посочи дека проценката колку ќе се исплатата и ќе прифатат ке ја изврши Државната комисија. Досега биле исплатени 4 елаборати. Никој не се јави за збор , Одлуката беше ставена на гласање. Од вкупно 10 присутни советници се Елаборатот беше усвоен со 10 гласа „за“.

***Точка 6 .Донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина демир Хисар за 2022 година***

Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар беше донесена од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Александра Трајковска. За одлуката објаснување имаше преставник од општинска администрација во одделението за финансиски прашања Марина Попоска. Посочи дека промената е од техички карактер од иста намена, запазен е 20% од синтетичката стапка. Исплатени се сите културни манифестации затоа се намалува во ставката 425 во програма К4, во програма Е0 во ставка 425 други договорни услуги се крати, а се планира средства во 427 привремени вработувања за лица со договор на определено време. Ова се предлага со цел потребата од ангажирање на вакви лица да биди преку агенција, а не со договор на дело, бидејќи така предвидува законот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски како информација изнесе дека во општината Демир Хисар е ангажирано лице –архивар со договор на дело. Советничката Сандра Пејковска истакна дека за итни и неодложни обврски да оди преку Агенција да се каже колку средства се потребни да се одвојат. Советничката побара одложување на оваа точка . Претседателот на Советот го стави предлогот на одложување за гласање .За усвојување на предлогот 8 гласаа „за“, и 3 „воздржани“. Предологот беше прифатен Одлуката се одложи.

***Точка 7. Годишен извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“, Демир Хисар за учебната 2021/2022 година*.**

Извештајот за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ беше усвоен од Комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За извештајот објаснување имаше вд директорката Јасмина Дамчевска. По отворена расправа по извештајот немаше пријавено за збор. Извештајот беше ставен на гласање од вкупно присутни 11 советници на општина Демир Хисар за усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***Точка 8. Усвојување на Програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“, Демир Хисар за учебната 2022/2023 година*.**

Програмата за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ беше усвоена од Комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За програмата објаснување

имаше вд директорката Јасмина Дамчевска. По отворена расправа по точката од дневниот ред немаше пријавено за збор. Програмата беше ставена на гласање. Од вкупно присутни 11 советници на општина Демир Хисар беше усвоена со 11 гласа „за“, против и воздржани немаше.

***Точка 9.Давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Крсте П. Мисирков“, Демир Хисар за учебната 2022/2023 година***

Согласноста за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Крсте П. Мисирков“ беше донесена од Комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За согласноста објаснување имаше вд директорката Јасмина Дамчевска. По отворена расправа по точка 9 од дневниот ред немаше пријавено за збор Согласноста беше ставена на гласање од вкупно присутни 11 советници на општина Демир Хисар согласноста беше донесена со 11 гласа „за“, против и воздржани немаше.

***Точка 10.Усвојување на Годишен Извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ , Демир Хисар за период 2021/2022 година***.

Извештајот за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар беше усвоен од Комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За извештајот објаснување имаше вд директорката Андријана Цветковска. По отворена расправа по точка10 од дневниот ред немаше пријавено за збор Извештајот беше ставен на гласање од вкупно присутни 11 советници на општина Демир Хисар извештајот беше усвоен со 11 гласа „за“, против и воздржани немаше.

***Точка 11.Усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“, Демир Хисар за период 2022/2023 година***

Годишната програма за работа во ЈОУДГ „Втори Септември“ беше усвоена од Комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За извештајот објаснување имаше директорката Андријана Цветковска. По отворена расправа по точка 11 од дневниот ред немаше пријавено за збор беше ставен на гласање од вкупно присутни 11 советници на општина Демир Хисар програмата беше усвоена со 11 гласа „за“, против и воздржани немаше.

***Точка 12. Донесување на Одлука за давање согласност на одлуката за зголемен односно намален број на деца во ЈОУД Детска градинка „Втори Септември“, Демир Хисар за 2022/2023 година***

Одлуката беше усвоена од Комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За одлуката објаснување имаше вд директорката Андријана Цветковска. По отворена расправа по точка 12 од дневниот ред немаше пријавено за збор Одлуката беше ставена на гласање. Од вкупно присутни 11 советници на општина Демир Хисар одлуката беше усвоена со 11 гласа „за“, против и воздржани немаше.

***Точка 13.Усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“, Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 30.06.2022 година***.

Финансискиот извештај на ЈКП „Комуналец“, Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 30.06.2022 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За извештајот објаснување имаше директорот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Гоце Мицковски. По отворена расправа по точка 13 од дневниот ред прв за збор се јави преставникот наМО Зашле којсе обрати до директорот на ЈКП Комуналец со искажување на проблемот околу лошата состојба на патот Доленци-Брезово – Зашле. Преставникот на МО Зашле побара да се постави патар за одржување на патот,исто така посочи и проблеми со кучињата скитници, ги посочи проблемите со водоводот, уличното осветлување и лошата состојба со училиштето на кое му треба санација кое е во сопственост на општината. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи на преставникот да достави Барање до Советот .

Директорот на ЈКП Комуналец Гоце Мицковски објасни дека во поглед на патот веќе се работи за санација, за проблемот околу водоводот истакна дека е сложен проблем ,во поглед на ѓубрето истакна дека има голема депонија и се планиираа да се санира. При анализа на финансискиот извештај на ЈКП Комуналец советничката Марина Димитријовска ги посочи трошоците за умножување и скенирање кои

изнесуваат 10.000 денари и даде предлог да се набави скенер доколку е во можност со тоа да се намалат овие трошоци .Директорот на ЈКП објасни дека се работи за печатење на специфична документација. По завршената дискусија финансискиот извештај беше ставен на гласање од вкупно присутни 11 советници на општина Демир Хисар се усвои со 11 гласа „за“, против и воздржани нема.

***Точка14. Донесување Одлука за давање согласност на Одлуката за корекција на цената за комунална услуга собирање на куќен и дворен смет.***

За одлуката за корекција на цената заа комунална услуга собирање на куќен и дворен смет објаснување даде директорот на ЈКП Комуналец Гоце Мицкоски кој ја посочи лошата финансиска состојба на јавното претрпријатие .Посочи дека при наплата од 90 % се работи со 50 % загуба. Ако продолжи со ваквата состојба ситуацијата станува алармантна. Сметките за електрична енергија за месец јуни и јули се зголемени за 130.000,00 денари. Советниот Валентин Несторовски даде предлог доколку се зголеми цената тоа да се случи до одреден период додека не помине кризата и по завршување на критичниот период повторно да се врати истата цена за комунална услуга собирање на куќен и дворен смет. Советничката Сандра Пејковска истакна дека доколки има некој додатно решение да се понуди, бидејќи смета дека само ова решение нема целосно да го анулира проблемот. Советникот Јордан Кромидаровски укажа дека на некои граѓани не му стигаат сметки за плаќање на вода. Советникот Аце Јанкуловски предложи да се подржи оваа одлука на корекција на цената од 35% да се излезе во пресрет поради што се работи за јавно претпријатие со кое се засегнати сите граѓани. Советникот Сашо Михајловски смета дека е потребна да е направи подетална анализа и план. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски даде предлог да се направи корекцијата на цена за 25%, а не за 35% и да се гласа овој предлог. Советничката Марина Димитријовска изјави дека е против поскапувањето да се најди друго решение, а не да удиреме по џебовите на граѓаните. Имаше забелешка од советникот Сашо Михајловски дека неможе да гласа лице што ја напушти пред тоа седницата.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја прекина седницата, за продолжението на седницата дополнително ќе бидат известени советниците.

Продолжението за 14-тата седница на Совет беше закажано за 14.10.2022 година во салата за состаноци во Дом на пензионери Демир Хисар со почеток во 10 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторoски.

На седницата присутен беше директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски. Записникот за продолжението на седницата го водеше Виолета Пајковска.

На продолжението на седницата се расправаше по останатите точки од Дневниот ред и тоа

14.Донесување Одлука за давање согласност на Одлуката за корекција на цената за комунална услуга собирање на куќен и дворен смет.

15.Донесување на Одлука за укинување на Одлука за утврдување на паричен надомест за склучување на брак во Општина Демир Хисар во 2022 година

16. Иницијатива за укинување на надомест за остварување на правото на еднократна парична помош.

17.Предлози и прашања

***ТОЧКА 14. Одлука за давање согласност на Одлуката за корекција на цената за комунална услуга собирање на куќен и дворен смет***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски потсети за Одлуката за давање согласност на Одлуката за корекција на цената за комунална услуга собирање на куќен и дворен смет на седницата се расправаше, дополнително образложение во врска со оваа одлука е поради зголемената цена на горивата од страна на Управниот одбор се предлага зголемување од 35 %, но од дискусиите кои беа предходно како и од материјално финансиската состојба, како економски оправдана цена предложи да се зголеми 25 %. Други предлози немаше. Предлогот цената за комунални услуги собирање на куќен и дворен смет да се зголеми за 25 % беше усвоен со гласаа 6 „за“, 5 „против“.

***ТОЧКА 15. Одлука за укинување на Одлука за утврдување на паричен надомест за склучување на брак во Општина Демир Хисар во 2022 година***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се донеси Одлука за измени на Одлука за утврдување на паричен надомест за склучување на брак во Општина Демир Хисар во 2022 година, со тоа што наместо 10.000 денари до крајот на годината да се утврди цена од 5.000 денари. Предлогот е поради економската криза, и материјално финансиската состојба на општината. Советникот Сашо Михајловски предложи сега е крај на година да не се менува одлуката за два три месеци можеби ќе има 2-3 барања, после тоа ќе разговараме за наредната година како ќе одлучиме. Или да се одложи за наредна седница. Советничката Сандра Пејковска додаде оваа дискусија како да е најава дека ќе се размислува во оваа насока. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна има два предлози да се гласа по нив. За предлогот висината за надомест за склучен брак да изнесува 5.000 гласаа 6 „за“ 5 „против“ предлогот се прифати. За предлогот на советникот Сашо Михајловски да остане иста одлуката гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ не се прифати. Со 6 „за“ и 5 „против“ се донесе одлука за измени на Одлуката за утврдување на паричен надомст за склучен брак износот да биде 5.000 денари до крајот на 2022 година.

***ТОЧКА 16. Иницијатива за укинување на надомест за остварување на правото на еднократна парична помош***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни точката беше ставена на Дневен ред со цел да се направи измени на правилникот и да се најде решение овие средства да се даваат на семејства каде навистина има потреба, бидејќи како што е сега се трошат големи средства од оваа програма не завршуваат сите на право место. Затоа предложи да се донеси заклучок не да се укини еднократната помош, наместо тоа да се направи измена на критериумите во правилникот, правото на еднократна парична помош да го остваруваат само семејства кои имаат потреба. Други предлози и дискусија немаше. Предлогот да се донесе Заклучок со кој се предлага да се изврши измена на Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош или помош во натура. За заклучокот гласаа 6 „за“ 4 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 17. Предлози и прашања***

Со оглед на тоа што во исти ден е и 15-тата седница и таму има точка предлози и прашања Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи на 15-тата седница да се разгледаат сите барања. По предлогот немаше забелешки.

Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 1389/2 — Совет на Општина Демир Хисар<br>
15.11.2022 година — Претседател,<br>
Демир Хисар — Љупчо Најдовски